ОПШТИНА ЦЕНТАР
Бр. 09-863/20
05.07. 2024 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 21, член 23 став 4 Законот за работни односи („Службен весник на РМ“ бр. 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/2018, 90/2020 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 110/19, 267/2020,151/2021, 289/21 и 111/23), член 50 став 1 точка 14 од Законот за локална самоуправа,‘‘Службен весник на Република Македонија‘‘ бр.5/02 а согласно Решението за утврдување потреба за засновање на работен однос број 09-836/1 од 09.02.2024 година и Јавниот оглас за вработување на работник на неопределено работно време, број 1/2024 од 12.02.2024 година, Градоначалникот на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје донесе:

# ОДЛУКА
## за избор на кандидат за работно место Возач

1. Со оваа Одлука се врши избор на кандидатот Октај Кадриевски за вршител на работно место Возач II - шифра УПР 04 03 А02 001, ниво А2, група помошно технички персонал во Одделение за општи работи, Сектор за правни и организациони работи, по Јавенот оглас број 1/2024 за вработување на работник на неопределено работно време објавен во печатените дневни весници Вечер и Коха на ден 12.02.2024 година.
2. Засновањето на работниот однос и датумот на стапување на работа ќе биде определен со потпишување на Договор за вработување помеѓу избраниот кандидат и ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје.
3. Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Општина Центар Скопје објави јавен оглас во печатените дневни весници Вечер и Коха на ден 12.02.2024 година број 1/2024, за вработување на работник на неопределено работно време, за работното место Возач II - шифра УПР 04 03 А02 001, согласно Правилникот за систематизација на работните места на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје.

Комисијата за спроведување на јавниот оглас, формирана со Решение број 09-863/17 од 02.07.2024 година, по спроведување на постапката (проверка на документација видно од записник број 09-863/18 од 03.07.2024 година, констатирала дека по однос на објавениот оглас за работното место Возач - шифра УПР 04 03 А02 001 пристигната е една пријава од страна на лицето Октај Кадриевски која е уредна бидејќи ја содржи побараната документација од која е видно дека кандидатот ги исполнува предвидените услови во огласот и истиот успешно го заврши интервјуто. Комисијата до Градоначалникот на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје достави предлог за вработување на кандидатот Октај Кадриевски

на работното место Возач - шифра УПР 04 03 А02 001 заведен под број 09-863/19 од 04.07.2024 година.

Согласно горенаведените законски одреби и спроведена постапка од страна на Комисијата, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Упатство за правно средство:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Градоначалникот во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката.

Градоначалник
ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје
м-р Горан Герасимовски

Доставено до :

- именуваниот
- Сектор за човечки ресурси
- Сектор за за финансиски прашања
- Архива